**БАРАЊЕ 23-5302**

Колку диво градби постојат на територијата на Општина Кавадарци (конкретно за подрачјето на градот)?

Дали и колку од дивоградбите се отстранети , и дали за сите дивоградби општината има постапено со решение?

Дали и колку од евидентираните дивоградби се изградени над значајни инфраструктурни проекти како водовод, канализација, електрична, топлинска и друга мрежа и дали и колку по овие дивоградби се постапува?

Дали постојат доволно средства и колку средства ќе ви бидат потребни за постапување по овие дивоградби и дали постапувате по овие дивоградби односно вршите селекција на итни (оние кои се од итен карактер како што се над значајни инфраструктурни проекти) и оние кои не се од итен карактер?

**ОДГОВОР 23-5302**

На територијата на Општина Кавадарци постојат околу 300 евидентирани дивоградби, а за останатите не е познато во колкав број се. Од досегашните евидентирани дивоградби нема дивоградби кои се изградени над значајни инфраструктурни проекти.

За евидентираните дивоградби се водени инспекциски постапки за кои се донесени соодветни управни акти, но истите во многу мал број се спроведени со отстранување.
Тоа е поради фактот дека нема доволно сретства за да се отстранат сите дивоградби. И не може со точност да се каже колку сретства ќе бидат потребни, затоа што секоја дивоградба е индивидуална и тоа зависи од нејзината големина, катност, материјалот од кој што е изработена и сл.

Во Општина Кавадарци најчесто се постапува по оние дивоградби кои претставуваат пречка за реализација на Детален урбанистички план.